| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Црвени плодови |
| **Содржина на денот** | Сонце во образите на Лиле |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Снежана Цветковска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Стекнување на знаења за средствата и приборот за лична хигиена и зајакнување на навиките за нивно редовно и правилно користење. |
| **Активност** | Заедно со детето прошетајте до блискиот пазар и купете цреши и јагоди. Потоа дома ставете ги во корпа и добро измијте ги. Разговарајте со детето дека не само овошјето, исто и рацете треба добро да се измијат. Поттикнувајте го детето на активен говор, поставувајќи му прашања. Покажете ја серијата слики „Сонце во Образите на Лиле" (слика бр:1, 2, 3, 4, 5, 6) и раскажувајте слика по слика.<br>Говорете со разбирлив, јасен и литературен говор. Разговарајте со детето зошто е важно секојдневно да се консумира овошје и зеленчук, колку се важни витамините за нашето здравје.<br>Потоа од црешите и јагодите кои предходно ги купивте од пазар и добро ги измивте, направете овошна салата. Црешите поделете ги на половина и извадете ја семката. Јагодите исечете ги на помали парчиња. Исеченото овошје ставете го во убава широка чаша и одозгора украсете со шлаг. Потоа засладете се со вкусен витамински оброк. |